Врз основа на член 4, 42, 46, 47, 48, 49 и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15,190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Одлука за давање согласност за започнување на постапка за оттуѓување/продажба на патнички моторни возила бр.09-8015/13од 04.12.2023 година донесена од Советот на Општина Карпош („Сл.гласник на Општина Карпош“бр.15/2023), Извештај за извршена процена на вредност на транспортни средства бр.089-И/2023 од 15.11.2023 година година изработен од Друштво за проценки и вештачење“ВИЗИЈА-Т“ ДООЕЛ Скопје, Комисијата за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Карпош објавува:

ОПШТИНА КАРПОШ

ОБЈАВА бр.1/2023

за продажба на движни ствари сопственост на Општина Карпош по пат на електронско јавно наддавање

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на оваа објава со електронско јавно наддавање е продажба на движни ствари - патнички моторни возила сопственост на Општина Карпош, кои се продаваат согласно Одлука за давање согласност за започнување на постапка за оттуѓување/продажба на патнички моторни возила бр.09-8015/13од 04.12.2023 година донесена од Советот на Општина Карпош („Сл.гласник на Општина Карпош“бр.15/2023).

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПАТНИЧКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА, ПОЧЕТНАТА ЦЕНА НА ВОЗИЛАТА, БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА, МИНИМАЛЕН ЧЕКОР, ВРЕМЕ НА ПОЧЕТОК НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

| Податоци за возилото | | Проценета почетна цена | Банкарска гаранција | Минимален чекор | Час / почеток |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Моторно возило марка PEUGEOT<br>- Регистарски ознака: SK 091-MI;<br>- Година на производство: 2002;<br>- Вид на возило: M1-PATNICKO;<br>- Марка и Тип: 307 XR PRESS; | 121.833,00 денари | 2.437,00 денари | Без ограничување | 10:00 часот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - Број на шасијата: VF33CRHYB82114054;<br>- Број на мотор: 10DYDR/3047562<br>- Места за седење: 5<br>- Сила и работна зафатнина на моторот: 66KW/1997 cm3;<br>- Боја: MET.ZELENA /22. | | | | |
| 2. | Моторно возило марка CHEVROLET<br><br>- Регистарски ознака: SK 255-TK;<br>- Година на производство: 2009;<br>- Вид на возило: M1-PATNICKO;<br>- Марка: CHEVROLET;<br>- Комерцијална ознака SPARK<br>- Број на шасијата: KL1KF484J9C807146;<br>- Број на мотор: A08S/3371713KC2<br>- Места за седење: 5<br>- Сила и работна зафатнина на моторот: 38KW/910 cm3;<br>- Боја: CRVENA /74. | 65.545,00 денари | 1.310,00 денари | Без ограничување | 10.30 часот |
| 3. | Моторно возило марка CHEVROLET<br><br>- Регистарски ознака: SK 254-TK;<br>- Година на производство: 2009;<br>- Вид на возило: M1-PATNICKO;<br>- Марка: CHEVROLET;<br>- Комерцијална ознака SPARK;<br>- Број на шасијата: KL1KF484J9C807155;<br>- Број на мотор: A08S/3370653C2<br>- Места за седење: 5<br>- Сила и работна зафатнина на моторот: 38KW/910 cm3;<br>- Боја: CRVENA /74. | 58.262,00 денари | 1.166,00 денари | Без ограничување | 11.00 часот |

Почетната цена на движната ствар е проценетата вредност на истата наведена во табеларниот приказ за секое патничко моторно возило.

Цената за продажба на движните ствари е утврдена согласно Извештај за извршена процена за утврдување на пазарна вредност на транспортни средства бр.089-И/2023 од 15.11.2023 година изработен од Друштво за проценки и вештачење“ВИЗИЈА-Т“ ДООЕЛ Скопје.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои согласно закон ги исполнуваат условите дадени во објавата.

Заинтересираните лица можат да учествуваат за продажба на еден или повеќе неделиви движни ствари, со поднесување на Пријава за учество поединечно за секоја табела.

Увид на движните ствари – возила кои се предмет на елктронското јавно наддавање заинтересираните субјекти ќе може да извршат секој работен ден во рокот од точка 6 од огласот, во периодот од 10.00 до 13.00 часот -лице за контакт Здравко Пршевски моб. 078/485-995

4. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Пријава за учество на јавно наддавање

Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски, преку информативниот систем за јавно наддавање www.e-stvari.mk и треба да ги содржи податоците и доказите кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање и тоа:

- **Пријава за учество**
- **Изјава со која што ги прифаќаат условите** што се дадени во објавата
- **Изјава за давање согласност** за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот.
- **Банкарска гаранција за сериозност** на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на движната ствар за која се поднесува пријава за учество на јавното наддавање. Покрај електронски, банкарската гаранција за сериозност треба задолжително да се достави и во оригинал до Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Карпош ул.Радика бр.9 Скопје Архива барака 2 во рокот определен за поднесување на пријава. Работно време на Архивата е секој работен ден (од понеделник до петок) од 07:30 часот до 15:30 часот.
  Недоставувањето на банкарската гаранција во писмена оригинална форма и во рокот определен за поднесување на пријава на наведената адреса ја прави пријавата неприфатлива и истата ќе биде одбиена, односно понудувачот нема да учествува на електронското јавно наддавање.
- **Доказ за идентитет**
  - ***за физички лица***-копија од лична карта или патна исправа
  - ***за домашни правни лица***-тековна состојба од Централен регистар на РМ не постар од 6 месеци од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавите за учество.
  - ***уредно полномошно*** за полномошникот што го претставува правното лице.

- *за странски правни лица*- доказ за регистрација од соодветниот регистар на земјата каде се регистрирани, не постар од 6 месеци од денот утврден како краен рок за поднесување на пријавите за учество.
- **Е-маил адреса** на поднесувачот на пријавата, преку која што ќе се врши постапката на регистрирање за учество во јавното електронско наддавање на која што ќе им биде испратено корисничкото име и шифрата за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

5. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и спроведени јавни наддавања спроведени преку овој систем, за него се уште важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделена заради негово учество во претходните постапки и тоа на ниво на целиот систем (се мисли на учество во постапка која ја спроведува било која Општина).

**За учество во електронското јавно наддавање заинтересираните учесници** <u>**електронски**</u> **поднесуваат Пријава,** која треба да ги содржи сите податоци и докази утврдени во Објавата за електронско јавно наддавање. **За да може да поднесе**

**Пријавата за учество со бараните докази за исполнување на условите од објавата**, секое правно и физичко лице ја поднесуваат електронски преку системот [www.e-stvari.мк](http://www.e-stvari.мк) скенирани во оригинална форма *(препорачливо во pdf формат),* освен банкарската гаранција за сериозност на понудата која освен електронски задолжително се доставува и оригинал во писмена форма.

Комисијата, по приемот на пријавите, утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетни согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, Комисијата во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

Пријавите кои нема да бидат комплетни со горенаведените докази нема да учествуваат во наддавањето, за што ќе бидат известени по електронски пат.

6.РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ И ВРЕМЕ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ:

Комисијата за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Карпош определува рок за поднесување на пријави кој не е пократок од 10 календарски дена ниту подолг од 30 календарски дена,

сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријавите и тоа:

Крајниот рок за поднесување на пријави за учество на електронското јавно наддавање е заклучно со **10.01.2024 година до 24:00 часот**. Јавното електронско наддавање ќе се одржи на следната интернет страница www.e-stvari.mk

**Јавното електронско наддавање ќе започне на ден 15.01.2024 година (понеделник), со почеток во:**

**10:00 часот за табеларниот преглед бр. 1 и ќе трае 30 минути**

**10:30 часот за табеларниот преглед бр. 2 и ќе трае 30 минути**

**11.00 часот за табеларниот преглед бр. 3 и ќе трае 30 минути**

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање со комплетната документација согласно условите од оваа објава се доставуваат во електронска форма најдоцна до **10.01.2024 година до 24:00 часот** на интернет страницата www.e-stvari.мк.

Понудувачите се лично одговорни за уредно и навремено поднесување на пријавите до крајниот рок за поднесување на пријави. Секоја пријава која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на пријави ќе се смета како задоцнета и ќе биде одбиена, односно нема да биде предмет на понатамошно разгледување и понудувачот нема да може да учествува во постапката.

**Пријавите се поднесуваат во електронска форма на следната интернет страница** www.e-stvari.mk.

Јавното електронско наддавање ќе се одржи на следната интернет страна www.e-stvari.mk.

7.БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ

Банкарска гаранција за сериозност на понудата е во висина од **2%** од вкупната проценета вредност на движната ствар. Покрај електронската достава на банкарската гаранција, во скенирана копија на оригиналот, во PDF формат, подносителот на понудата/пријавата за учество е должен до крајниот рок за поднесување на понуди/пријави, банкарската гаранција за сериозност на понудата да ја достави и во писмена форма и во оригинал преку пошта или со лично доставување на адресата на Општина Карпош ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје до Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Карпош при Општина Карпош.

*Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку:*

- избраниот најповолен понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор не ја уплати понудената последна цена на електронското јавно наддавање,

-избраниот најповолен понудувач нема да го склучи договорот за продажба.

Во случај на наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните движни ствари.

Секоја пријава/понуда што *не содржи* гаранција за сериозност на понудата или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите во објавата, ќе биде отфрлена и нема да учествува на електронското јавно наддавање.
Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

8.ПОСТАПКА

Постапката за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Карпош) при Општина Карпош. Подносителите кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање, на денот на спроведувањето на јавното наддавање, се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање по што имаат право на учество на јавното наддавање. Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи, доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на движната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на движната ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Јавното наддавање продолжува неограничено сé додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на движната ствар се намалува за 2 % по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на движната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда.

Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на движната ствар повторно се намалува за 2 % од првичната проценета вредност.

Намалувањето на вредноста на движната ствар во текот на наддавањето може да биде најмногу до 30 % од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена на движната ствар.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Учесниците имаат право на Приговор само по однос на постапката за јавно наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение, во рок од пет дена од приемот на приговорот.

Против решението донесено од Комисијата со кое се одлучува по поднесен приговор може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

9.ОБВРСКА НА НАЈПОВОЛНИОТ ПОНУДУВАЧ

За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој што понудил последна цена на движната ствар која што претставува највисока цена за движната ствар.

Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата на трезоска сметка бр. 100000000063095, Банка на примачот НБРМ, уплатна сметка723911, приходно конто и програма 00, во согласност со постигната крајна цена на движната ствар. Доколку не ги уплати во овој рок, нема да пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана и понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно наддавање за предметните недвижни ствари.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од петнаесет работни дена по извршената на уплата на цената на движните ствари, се склучува договор за продажба во писмена форма, кој договор, во рок од 30 дена се доставува кај Нотар заради вршење на солемнизација.

На договорот за продажба соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Обврската за трошоци за солемнизација на Договорот паѓа на товар на купувачот.

Оваа објава ќе биде објавена на web страната на Општина Карпош, односно www.karpos.gov.mk

Комисијата за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Карпош

Прилог- 1 Пријава за учество на електронско јавно наддавање по објава број 01/2023

**До:**

**Општина Карпош**

**Комисијата за располагање на недвижни и движни ствари на Општина Карпош**

**Општина Карпош1000 Скопје**

**Предмет: Пријава за учество на електронско јавно наддвање по Објава број 01/2023**

***П Р И Ј А В А***

<table>
<tr><td rowspan="6">1.</td><td rowspan="2">ПОДАТОЦИ за Подносителот на пријавата:</td><td colspan="2">ИМЕ И ПРЕЗИМЕ<br>(физичко лице-домашно или странско)</td><td colspan="2">НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ<br>(правно лице-домашно или странско)</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2" rowspan="2"></td></tr>
<tr><td>АДРЕСА ОД ЛИЧНА КАРТА:<br>(за физичко лице)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>ЕМБС (за правно лице)</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>ЕДБ (за правно лице)</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>СЕДИШТЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:<br>(за правно лице)</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.</td><td rowspan="2">ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:</td><td>Фиксен телефон:</td><td colspan="2">Мобилен телефон:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">е-маил адреса: (задолжително)</td></tr>
</table>

Се пријавувам за учество на електронско јавно наддавање за продажба на движни ствари во сопственост на Општина Карпош со електронско јавно наддавање, согласно Објава број 1/2023 (Прва објава)

За движна ствар (заокружете број на возило)

1. Моторно возило марка PEUGEOT
2. Моторно возило марка CHEVROLET SK 255-TK
3. Моторно возило марка CHEVROLET SK 254-TK

***Прилог 2 - Изјава за прифаќање на условите и барањата од објава број 01/2023***

**И З Ј А В А**

**за прифаќање на условите и барањата од објавата број 01/2023 објавена од Општина Карпош за продажба на движни ствари сопственост на Општина Карпош (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање**

Јас, ______________________________________________________________________________

*(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)*

со седиште/адреса на ______________________________________________________________________________

во својство на одговорно лице на правното лице:_______________________________________________________

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека ги прифаќам во целост условите и барањата од Објавата број **01/2023** за продажба на движни ствари, со електронско јавно наддавање, објавена од Општина Карпош

| | |
|---|---|
| **Место и датум** | **Одговорно лице / Име и Презиме** |
| ___________________________ | ___________________________ |
| | **(потпис и печат)** |

***Прилог 3 - Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот заради учество во постапката на Општина Карпош по Објавата бр.1/2023, објавена од Општина Карпош за продажба на движни ствари сопственост на Општина Карпош (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање***

**ИЗЈАВА**

**за давање согласност за користење и обработка на личните податоци**

**на понудувачот и одговорното лице на понудувачот**

Јас, ___________________________________________________________________________________

*(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)*

со седиште/адреса
на___________________________________________________________________________________

во својство на одговорно лице на правното
лице:_______________________________________________________

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека давам изречна согласност Општина Карпош (Комисијата за спроведување на постапка за продажба и давање во закуп на движни и недвижни ствари сопственост на Општина Карпош) да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци (и личните податоци на правното лице) заради учество во постапката на Општина Карпош по **Објавата бр.1/2023** за продажба на движни ствари , со електронско јавно наддавање, објавена од Општина Карпош.

**Место и датум** **Одговорно лице / Име и Презиме**

_____________________________ _____________________________

**(потпис и печат)**